**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 2
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 3 - програма за мултимедијални презентации
**Наставна содржина:** Креирање и активирање едноставна презентација
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да може да креира едноставна мултимедијална презентација
**Очекувани резултати:** Креира презентација со одреден број слајдови, внесува текст во нив
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација, бура на идеи
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, внесува текст во презентација

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Дискусија за програмата за презентации (како се вика – OpenOffice Impress, како се стартува – Апликации – Канцелариски).
**Учечко – поучувачки активности:** АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Продолжуваат да работат на презентацијата што ја креираа минатиот час. Во парови, треба да креираат по еден слајд за секој сосед, да внесат текст со името на соседот, од која страна на светот е соседот (север, југ...), како се вика главниот град, релјефот и климата.
Ги потсетувам учениците како се додава нов слајд и како се брише слајд во презентацијата:

– Прв начин: лев клик врз иконата на слајдот (во панелот за слајдови) и одбираме Вметнување – Слајд. Евентуално, ако сакаме да креираме уште еден слајд со иста содржина како претходниот, одбираме Вметнување – Дуплирај слајд,
– Втор начин: клик десен клик врз иконата на слајдот (во панелот за слајдови) и одбираме Нов слајд. Ако сакаме да го избришеме слајдот, се одбира Избриши слајд.

Засега, полето за слика на знамето ќе го оставиме празно, сликата ќе ја внесеме на еден од наредните часови.
**Активности за евалуација:** Ја пуштаме изработената презентација на еден од трите начини:
1. Избор на Приказ – Слајд – шоу
2. Избор на Слајд – шоу – Слајд – шоу
3. Со притискање на тастерот F5
Презентацијата се зачувува и затвора.

obrazovanie.literatura.mk